РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

INTERCERT systems certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С22 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт С22 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од **13,662 ха,** со следните граници:

**Север:** Новопланирана сервисна улица "С1"
**Југ :** транзитна магистрална улица "бул. Александар Македонски"
**Запад :** собирна улица "Маџари"
**Исток :** со границата на планскиот опфат на ГУП Скопје 2012-2022г. и границата на РП за Градска четврт С22

**Намена на земјиштето и градбите:**
А - Домување
Б - Комерцијални и деловни намени
В - Јавни институции
Д - Зеленило и рекреација
Е - Инфраструктура

**Предлог Деталниот урбанистички план за градска четврт С22 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 2", во рок од 20 работни дена и тоа почнувајќи од 06.03.2023 год. до 31.03.2023 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт С22 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **16.03.2023** год (Четврток) со почеток во **10.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 2".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Бр. 28-3/762**
**од 23.02.2023година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**